Бр.

**Д О Г О В О Р**

**за користење на електронско банкарство**

Склучен на ден _________ меѓу:

**1. Халкбанк АД Скопје**, бул. “Мито Хаџивасилев Јасмин” бб, 1000 Скопје, со ЕМБС 4627148 застапувана од овластени лица ____________________ (во натамошниот текст: Банката) , и

**2. __________________________ ул. ___________ бр. _____, ___________, со ЕМБС__________________**(во натамошниот текст: Корисник)

**Член 1**

Предмет на овој Договор е регулирање на меѓусебните права, обврски и одговорности на договорните страни при користењето на електронско банкарство во Халкбанк АД Скопје.

**Член 2**

Банката му овозможува на Корисникот, користење на електронско банкарство согласно неговите барања и потреби пријавени со писмена Пријава за користење на електронско банкарство пополнета и потпишана од Корисникот.

**Член 3**

За приклучување на трансакциската сметка на Корисникот кон електронско банкарство Банката пресметува еднократен надомест што во моментот на склучување на овој Договор изнесува ____, согласно Тарифата за провизии и надоместоци на Банката, што е составен дел на овој Договор. Пресметка и наплата на овој надомест се врши последниот ден од месецот во кој е одобрено приклучување на сметката кон електронско банкарство.

За платниот промет во земјата и странство Банката на Корисникот му пресметува надоместоци согласно Тарифата за провизии и надоместоци на Банката.

Висината на надоместоците согласно овој Договор е променлива и Банката се обврзува за настанатите измени да го извести Корисникот со е-маил порака на неговата официјално пријавена е-маил адреса.

**Член 4**

Банката се обврзува пред Корисникот да :

1.стави на располагање Упатство за користење електронското банкарство и Процедура за инсталирање на дигитален сертификат;

2.овозможи извршување на сите правилно формирани, контролирани и испратени платни налози, поднесени според важечките рокови и важечките прописи за предавање и обработка на налози;

3.сервисира сите активности од електронско банкарство наведени во Пријава за користење на електронско банкарство поднесена од Корисникот.

4.обезбеди тајност на податоците од работењето на трансакциската сметка во Банката.

5.обезбеди заштита од неовластени упади во базата на податоци во Банката.

6.ги испитува сите несогласувања или оспорувања на поднесени електронски налози на кои ќе укаже Корисникот и обезбеди релевантни информации врз основа на кои врши потребни усогласувања и корекции.

7.го извести Корисникот за сите промени во врска со измените на општите услови на електронското банкарство.

8.работи ажурно и во склад со банкарските стандарди во најдобар интерес на Корисникот.

**Член 5**

Корисникот се обврзува пред Банката да:

1.обезбеди компјутерска и комуникациска опрема за користење на електронското банкарство, како и самиот пристап до интернет;

2. овласти лице/а за користење на електронско банкарство на Банката;

3.редовно обезбедува средства за намирување на обврските од пресметани надоместоци на Банката и ја овласти Банката да ги наплати своите побарувања по овој основ без негова посебна согласност;

4.обезбеди тајност и физичка недостапност на лозинките кои ги користи за пристап на електронското банкарство во платниот промет.

5.извести писмено во случај на:

-поништување на овластувањата за користење на електронско банкарство во платниот промет,

-губење на дигиталниот сертификат

-сознание дека некој неовластено поседува информации за дигиталниот сертификат, корисничкото име, и/или лозинката на Клиентот,

со известувања уредно потпишани од овластеното лице за затапување и доставени на адреса на Банката: Ул. Мито Хаџивасилев-Јасмин бб Скопје;

6.работи согласно со важечките законски прописи и договорените услови со Банката за користење на електронско банкарство;

7.се придржува до Терминскиот план за испраќање и обработка на налозите за плаќања;

8.достави рекламација во писмена форма за утврдени неправилности во работењето преку електронското банкарство во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 3 (три) дена по приемот на Извештај за промет и состојба на трансакциската сметка.

**Член 6**

Корисникот ја овластува Банката во негово име и за негова сметка да ги потпишува и става печат на хартиените обрасците за платен промет со странство: заклучница за купопродажба на девизи и образец 1450 кои претходно се примени и реализирани со електронскиот потпис на овластените лица на корисникот. Примерок од овие обрасци Банката ги приложува кон Изводите кои се доставуваат до Корисникот во хартиена форма.

**Член 7**

Банката ќе му овозможи на Корисникот користење на електронско банкарство со издавање на корисничко име и лозинка, и дигитален сертификат снимен на медиум издаден од Халкбанк АД, Скопје, како важечки авторитет за сертификати**.** Банката ќе ги прифаќа и сертификатите издадени од АД Македонски Телекомуникации и КИБС АД Скопје.

Рокот на важење на електронскиот сертификат е 1 (една) година и тече од денот на неговото изработување. По истекот на рокот на сертификатот, Банката издава нов сертификат со важност од 1 (една) година. Пред истекот на рокот на сертификатот Банката го известува Корисникот за истекување на рокот, а Корисникот поднесува барање за издавање на нов сертификат.

**Член 8**

Електронските пораки испратени помеѓу Корисникот и Банката кои се реализирани со помош на дигиталниот сертификат се веродостојни и неотповикливи.

Дигиталниот потпис на налогот се смета во потполност рамноправен со депониран потпис на овластеното лице на кое му е доделен дигиталниот сертификат.

**Член 9**

Корисникот се обврзува дека ќе ги превземе сите мерки на заштита од компромитирање и/или губење на сертификатот. Во спротивно Банката нема да одговара за штетата и последиците кои би можеле да бидат предизвикани од тоа.

**Член 10**

Корисникот е должен да ја следи конечноста на плаќањата извршени преку електронското банкарство.

Согласно електронскиот потпис и автоматската обработка на налозите креирани и испратени преку електронско банкарство, Корисникот носи целосната одговорност во врска со електронски потпишаните и доставените налози.

Банката не одговара за одбиени налози за плаќање од системот, доколку тие не ги исполнуваат условите согласно регулативите и за кои плаќања нема доволно расположливи средства на сметката на Корисникот.

**Член 11**

Банката гарантира 24 часовна расположливост на електронското банкарство, освен во случаите што се надвор од влијанието на Банката, особено услови на виша сила, како и во услови на надградба на системот, поправки и одржување на инсталациите на Банката, за што однапред ги известува Корисниците, освен во итни случаи, или кога причините на безбедноста тоа не го дозволуваат.

Банката го задржува правото да изврши измени на постојното техничко решение на системот за електронско банкарство и на сигурносните системи.

**Член 12**

Договорните страни се согласни дека Банката може привремено да го блокира, да го исклучи, да го прекине користењето на електронското банкарство во платниот промет, или да го поништи сертификатот на Корисникот во случај кога:

- Корисникот ќе пријави дека го изгубил сертификатот или во случај истиот да е украден;

- Корисникот ќе ја овласти Банката да го прекине пристапот на одредени лица на кои тој им го укинал правото да ракуваат со дигиталниот сертификат;

- Кај Банката постои основан сомнеж дека трето лице неовластено располага со тајни информации во врска со дигиталниот сертификат;

- Корисникот не се придржува кон одредбите на овој Договор, Општите Услови за користење на електронски сервиси во платниот промет на Банката, Договорот за отворање и водење на денарска и девизна трансакциска сметка по видување склучен помеѓу Банката и Корисникот, Законот за Платен Промет во земјата, Законот за девизно работење и друга законска и подзаконска регулатива;

- Корисникот поднесе рекламација, при што Банката врши анализи и проверки за извршените плаќања преку електронските сервиси на платниот промет;

- во сите останати случаи каде постои сомневање за неовластен пристап во сигурносниот пакет на Корисникот односно на елементите на заштита на Банката.

**Член 13**

Извршувањето на блокада на сертификатот од член 12 од овој Договор, може привремено или трајно да го оневозможи понатамошно користењето на дигиталниот сертификат. Банката задржува дискреционо право да му овозможи на Корисникот повторно користење на електронско банкарство, со тоа што може да одлучи да му издаде нов сигуросен пакет, односно нов дигитален сертификат или лозинката за најава на апликација. Трошоците за издавање на нов дигитален сертификат се на товар на Корисникот.

**Член 14**

Корисникот изречно е согласен и ја овластува Банката, податоците во врска со овој Договор, вклучително и личните податоци, да ги обработува во рамки на банкарското работење како и да ги стави на увид на овластени лица ва банката или на трети лица, во сите случаи предвидени со Законот.

Договорните страни се согласни Банката да ги обработува личните податоци на Корисникот за цели на директен маркетинг единствено по добивање на претходна писмена согласност за тоа издадена од Корисникот.

Корисникот има право во секое време, без надоместок со писмено барање да ја повлече согласноста за обработка на неговите лични податоци за цели на директен маркетинг.

**Член 15**

Овој Договор е склучен на неопределено време и може да се раскине по барање на една од договорните странки со отказен рок од 30 дена.

**Член 16**

Договорот ќе биде раскинат без согласност на договорните страни во случај кога:

-ќе се раскине Договорот за отворање и водење на денарска и девизна трансакциска сметка по видување склучен помеѓу банката и корисникот, врз основа на кој е склучен и овој Договор.

-ќе се јават статусни промени кај Корисникот кои условуваат укинување на неговата сметка или при промена на овластеното лице .

-Корисникот ќе ја изгуби деловната способност.

-воведена е стечајна или ликвидациона постапка кон Корисникот

-не се почитуваат условите од овој Договор, Договорот за отворање и водење на денарска и девизна трансакциска сметка по видување и Општите услови за користење на електронски сервиси во платниот промет на Банката.

**Член 17**

За се што не е предвидено со овој Договор важат одредбите од Законот за платен промет , Законот за облигациони односи, Законот за девизно работење и други законски и подзаконски акти и актите на Банката во кои е регулирана оваа област. Сите евентуални спорови по овој Договор ќе се решаваат договорно, а доколку тоа не е возможно, надлежност има Основен Суд 2 во Скопје.

**Член 18**

Овој Договор е составен во два еднакви примероци, од кои 1 (еден) за Корисникот и 1 (еден) за Банката.

| Учесник во платниот промет | Банка |
|---|---|
| ______________________________ | ______________________________ |
| име и презиме | име и презиме |
| ______________________________ | ______________________________ |
| потпис | потпис |